РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 10-3976/1
19-04-2022 година

**До:** **Единици на локална самоуправа**
**Предмет:** **Програма за обука 2022 година - Имплементација на систем на интегритет**

Почитуван градоначалник/чка,

Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија), согласно член 8 и член 17, алинеја 18 од Законот за спречување корупција и судир на интереси, е надлежна за јакнење на системот на интегритет и во континуитет работи на неговата имплементација и унапредување.

Државната комисија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2021 година, ја разви Политиката за интегритет за единиците на локалната самоуправа и Насоките за нејзиното спроведување, по што следеше циклус на обуки на кои беа поканети сите единици на локалната самоуправа, за полесно разбирање на темата и нејзино спроведување.

Заради континуиран пристап во градењето на знаење на темата имплементација на систем на интегритет, Државната комисија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, повторно Ве кани на циклус на обуки за Политиката на интегритет за единиците на локалната самоуправа. Обуките ќе се одржат во периодот 09 – 13 мај 2022 со термин од 10-12:30 часот на платформата ЗООМ, а за нивното спроведување ќе се погрижат проф. Рената Дескоска од Правниот факултет „Јустинијана Прима" во Скопје и Маја Лазарова од Одделот за демократизација при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Ве замолуваме за потврда за учество на лицата за интегритет од Вашата општина, да ни испратите на** a.chavdarevska@dksk.org.mk **најдоцна до 02 мај 2022 година.**

**Воедно, Ве потсетуваме, доколку досега Вашата општина не ја усвоила Политиката на интегритет и не номинирала лице за интегритет, да го сторите тоа и да се пријавите на престојната обука.**

Државната комисија Ви укажува дека номинираното лице за интегритет треба да се одликува со висок интегритет и да ужива углед во Вашата институција, односно лице кое ќе

може да ги искористи предностите, но и да одговори на предизвиците со кои општината ќе може да се соочи при имплементација на секој од елементите од системот на интегритет.

За дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Александра Чавдаревска, Советник за интегритет, стратешко планирање и едукација и лице за интегритет на ДКСК, на мејл адреса a.chavdarevska@dksk.org.mk или на телефон 078/360-570.

**Со почит,**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: М-р Александра Чавдаревска, Советник
Одобрил: М-р Маја Коневска, Раководител на сектор
Доставено во прилог: Агенда за обука - Програма за обука 2022: Политика на интегритет за единиците на локалната самоуправа